ИСОС Република Македонија
Институт на Сметководители и Овластени Сметководители

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

# Покана за учество на отворен повик за набавка на услуги за превод на содржини од англиски јазик на македонски јазик

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/71
09.02.2023 год.

**Датум:** 09.02.2023г.

**Референтен број на проектот:** 0302/71

**Наслов на проектот:** Превод на сметководстваени стандарди

**Финансиран од**: Институт на сметководители и овластени сметководители на РМ

Се поканувaат квалификуваните понудувачи да достават своја понуда за услуги за превод на содржини од англиски јазик на македонски јазик од областа на сметководствено – финансиското работење односно превод англиски јазик на македонски јазик на Меѓународни Стандарди за финансиско известување (МСФИ) и Меѓународни Стандарди за финансиско известување за мали и средни субјекти објавени од Фондацијата за МСФИ со седиште во Лондом, во согласност со условите наведени документација која е составен дел на оваа покана.

Преводот на Стандардите се врши согласно Политиката за лиценцирање за превод и репродукција на МСФИ Стандардите за усвојување (Licensing Policy for Translation and Reproduction of IFRS Standards for Adoption ) на Фондацијата за Меѓународни стандарди за финансиско известување (IFRS Foundation).

Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот го нудат предметот на набавка.

**Информации за постапката**
Постапка: **Отворен повик бр. 0302/71**
Тип на договор: **Договор за набавка на услуги за превод**
Набавувач Институт на сметководители и овластени сметководители на РМ
Адреса: Кеј 13 ти Ноември, кула 2/8 (главна дирекција на ГТЦ)
Град: Скопје
Поштенски број: 1000
Држава: РСМ
Телефон и лице за контакт: 02 3200030
Електронска адреса: isos@isos.com.mk

Институт на сметководители и овластени сметководители
Ул. Ѓуро Стругар бр.5, кат 1. лок 132/133,
Скопје, Република Македонија

**Документација**

Заинтересираните квалификувани понудувачи може да ја добијат документација на македонски јазик бесплатно по поднесување на писмено барање директно на горенаведента електронска адреса. Понудувачите се должни да го потврдат приемот на документација.

Прашањата за појаснување на документација се испраќаат преку електронска пошта на следнава адреса: isos@isos.com.mk, со назнака „Прашања за Отворен повик бр.0302/71.

Одговорите на прашањата ќе бидат испратени до сите понудувачи до кои е доставена документација. Рокот за испраќање на прашања е до 14.02.2023г, до 16 часот. Понудувачите се должни да го потврдат приемот на одговорите на прашањата.

**Содржина на понудата**

Понудата треба да ги содржи следниве прилози:

- Образец со информации за понудувачот (Анекс 2)
- Финансиска понуда (Анекс 3),
- Изјава (Анекс 4),
- Портфолио CV / копии од дипломи и лиценци / референци на понудувачот за увид во претходното искуство

***Основи за исклучување: Како дел од понудата, понудувачите треба да достават потпишана Изјава (Анекс 4) под полна материјална и кривична одговорност, како доказ дека не се наоѓаат во ниту една од ситуациите за исклучување од постапката за набавка.***

**Начин и рок на поднесување на понудата**

Понудата со уредно пополнети и потпишани прилози од страна на подносителот се доставува преку електронска пошта на следнава адреса: isos@isos.com.mk , со назнака „Понуда за услуги за превод – (*име на понудувач*)".

- Формат на документи: PFD
- Имињата на документите мора да бидат долги максимум 40 карактери и не смеат да содржат буква или посебен знак освен од латинската азбука/тастатура.
- Сите документи и фајлови мора да бидат без вируси и да не се оштетени.
- Макс. големина на фајл по пренос: 20 MB

- Доколку понудата мора да се прати во повеќе електронски пораки, тие мора да бидат јасно идентификувани со назначување во насловот „Понуда за услуги за превод – (*име на понудувач*) бр. X од Y“, а конечниот e-mail „.............бр. Y од Y“.
- Се препорачува целата понуда да се консолидира во колку е можно помалку прилози.

**<u>Крајниот рок за достава на понудата е до (16.02.2023), четврток, до 12 часот.</u>**

Доставување на понудите во хард копија не е дозволено. Задоцнетите понуди ќе бидат одбиени и нема да се евалуираат.

**Период на важност на понудата**

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 10 (десет) дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**Критериум за избор и доделување на договорот**

Критериум за доделување на договорот е врз принципот „најдобра вредност за парите“, односно (best value for money). Најдобрата вредност за парите се утврдува со оценка на техничката понуда (искуството и портфолиото на понудувачот за слични услуги) наспроти цената, по принципот 70/30 од 100 можни бодови.

Поради обемноста на материјалот набавувачот го задржува правото да избере повеќе понудувачи за извршување на услугите за превод, односно да го додели договорот на неколку понудувачи избрани од ранг листата на најповолни понудувачи врз основа на критериумите утврдени во „Анекс 5 – табелата за оценување“.

Во финансиската понуда (Анекс 3) Понудувачот е должен да понуди цена за сите ставки. Некомплетните понуди со понудени цени само за поединечни ставки нема да се разгледуваат во ниту еден случај.

**Потпишување на договор**

Избраните понудувачи ќе бидат известени во електронска форма дека нивната понуда е прифатена во рок од максимум 10 работни дена од крајниот рок за доставување на понудите. Со финално селектираните понудувачи набавувачот ќе направи интервју со цел да се запознае со лицата кои ќе ги извршуват услугите. Во рок од 3 работни дена по приемот на договорот, веќе потпишан од страна на правниот застапник на Институтот, избраните понудувачи ќе треба да го потпишат договорот/договорите и да го/ги вратат во архивата на набавувачот, ул.Кеј 13 ти Ноември, кула 2/8 (Главна дирекција на ГТЦ), Скопје.se

**Анекси:**

Анекс 1 - **Технички услови**
Анекс 2 – **Образец со информации за понудувачот**
Анекс 3 - **Финансиска понуда**
Анекс 4 – **Изјава**
Анекс 5 - **Табела за оценување**

Со почит,

...........................................................................